ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-3675/2
18.07.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-3675/1 од 17.07.2025 година, поднесено од[redacted], го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-3675/1 од 18.07.2025 година, поднесено од[redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?
9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?
10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?
11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?

12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?
14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

**Образложение**

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

**1.2.3.**Општина Велес обезбедува еднократна парична помош за секое новороденче во висина од 3.000,00 денари и се доделува за секое новородено дете започнувајќи од 01.01.2023 година.

Еднократна паричната помош се обезбедува за семејството на новороденото дете.

Истата се обезбедува од Буџетот на Општина Велес–Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита.

Согласно правилникот за утврдување на критериумите, условите и потребната документација за остварување право на парична помош за новороденче бр. 25-5567/15 од 29.12.2022 година.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**4**.Една градинка ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес, во чиј склоп функционираат осум објекти, шест во градот, еден во Градско и еден во Караслари.
-Капацитетот за згрижување на деца според возраст е 1057.

**5**. До 2 години вкупно 170 деца,
- од 2-3 години вкупно 219 деца,
- од 3-4 вкупно 253 деца,
- од 4-5 години 216 деца,
- од 5-6 години вкупно 237 деца и
- над 6 години 59 деца.
- Вкупно згрижени 1.154 деца.

**6**.Месечниот надоместок за згрижување во градинка изнесува 1490,00 денари за пприсуство и 280.00 денари за отсуство за цел месец.

**7**.Да,ослободени се од плаќање месечен надоместок категоријата на самохрани родители и децата од Ромскиот проект.

**8**.Не,општината не обезбедува хигиенски материјали за потребите на градинката.

**9**.Општина Велес не обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта.

**10**.Во Општина Велес во основните училишта не се задолжителни училишните униформи за учениците.

**11**.Општина Велес предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик:
- самохрани родители - 5.000,00 (еднократна помош во тековна година)
- семејства со минимален приход односно корисници на ГМП – 5.000,00 (еднократна помош во тековна година).

**12**.Општина Велес не предвидува финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката.

**13**.Општина Велес предвидува финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост – 5.000,00 (еднократна помош во тековна година).



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

14.Општина Велес предвидува мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост за сите возрасти во програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита и тоа:
- За слепи лица финансиска поддршка за печатење на книги на Брајово писмо во висина од 50.000,00 денари.
- За МОБИЛНОСТ одржување на адаптирано возило за лица со попреченост во возна состојба.
- Климатска рехабилитација за Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – 50.000.00.
- За здружение на глуви лица – Изучување на знаков јазик – 50.000,00.
- Услуга помош и нега во домот – Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес – 50.000,00
-Услуга лична асистенција – Општинска организација на Црвен крст – Велес – 50.000,00
- Живеење со поддршка (мал групен дом, 10-лица) - Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес – 100.000,00

15.Општина Велес предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот преку проектни активности на пример проект со УНДП со кои се овозможува работно ангажирање со скратено работно време за стекнување нанови вештини и знаења за полесно вклучување на пазарот на труд. Како позитивен пример во Општина Велес е проектот образовни асистенти.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Мацарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*